бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ФАКТУРИРАЊЕ (Е-ФАКТУРА) ПРЕД ЧЛЕНКИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Управата за јавни приходи (УЈП) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, пред претставници на бизнис-заедницата го презентираше новиот систем за електронско фактурирање (е-фактура) и тековните проекти на кои работи Управата. Настанот, организиран преку Центарот за микро, мали и средни претпријатија при Комората, имаше за цел навремено да ги информира компаниите за процесот на имплементација, техничките барања и практичните аспекти од користењето на новиот модел на електронско фактурирање.

За време на настанот претставниците на УЈП ги објаснија клучните принципи на системот за е-фактурирање, како и обврските и роковите за усогласување со новиот систем кој се очекува да отпочне на почетокот на наредната година. Пред членките на Стопанската комора се презентираа и плановите за проектот е-УЈП каде се истакна дека техничките спецификации за дигитална Управа за јавни приходи се речиси завршени и финансиските средства се планирани.

Посебен акцент беше ставен на начинот на издавање и прием на е-фактури, контролата и верификацијата, како и на интеграцијата со постојните софтверски решенија што ги користат компаниите. Беше истакнато дека компаниите кои веќе поседуваат свој софтвер за фактурирање со одредени прилагодувања на истиот ќе може да ги доставуваат е-фактурите преку АПИ врска до УЈП.

Овој начин на достава на е-фактура како што беше појаснето ќе почне да се тестира од 01.01.2026 година.

Извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, г-н Антони Пешев, во своето воведно обраќање нагласи дека Комората ќе продолжи да ги поддржува компаниите преку обезбедување на релевантни информации, едукативни активности и консултации. Истакна дека УЈП храбро влезе во овој сегмент на дигитализација бидејќи новиот систем ќе ги ослободи компаниите од трошоците и проблемите поврзани со хартиеното фактурирање, кое е тешко за ревидирање, анализа и чување. Дополнително, тој посочи дека системот ќе ѝ помогне на државата да спроведе поефикасна анализа на реалните  економските активности во земјата.

На настанот се обрати и директорката на УЈП, м-р Елена Петрова, која истакна дека новиот систем за електронско фактурирање ќе донесе поголема правичност во економијата и ќе го намали административниот товар за компаниите. Додаде дека процесот на воведување на е-фактура е заеднички придонес на институциите и бизнис заедницата, кои заедно работат на унапредување на системот. Директорката ги најави сите проекти на кој работи УЈП, а целта е како што појасни да се обезбеди навремено и точно исполнување на даночните обврски од страна на сите компании.

„Со е-Фактура започнуваме со тестирање од 1 јануари 2026 година. Ќе ги објавиме спецификациите за интеграција и средните и големите компании ќе може да ги прилагодат своите софтвери. Потоа ги пуштаме и бесплатните апликации за малите фирми."

Директорката Петрова на овој настан  ја најави и најголемата ИТ инвестиција во историјата на УЈП, вредна 1,8 милиони евра -  опрема за секундарна локација, што значително ќе  ја зајакне безбедноста

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

на податоците и инфраструктурата. Преговорите за договорот се во финална фаза, а испораката и инсталацијата ќе се реализираат во првиот квартал на 2026 година.

За време на настанот, присутните имаа можност да поставаат прашања и да добијат појаснувања во врска со техничката подготовка, безбедноста на податоците и динамиката на транзицијата од хартиени кон електронски фактури. Се очекува дека новиот систем ќе донесе значителни придобивки за сите заинтересирани страни и ќе го поедностави целокупниот процес на фактурирање и наплата на даноци.